РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1276/10
09-09-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 22-та седница одржана на 27.08.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1276/1 од 09.04.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за царински, даночни и други финансиски измами извршени од страна на правни лица во приватна сопственост, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, од причина што за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган – Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Предметот со број 12-1276/1 од 09.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 09.04.2025 година, поднесена е пријава со наводи за царински, даночни и други финансиски измами извршени од страна на правни лица во приватна сопственост, сторени од страна на правни лица во приватна сопственост, и оформен е предмет број 12-1276/1 од 09.04.2025 година. Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за царинска измама, даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, злоупотреба на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

постапки за јавни набавки и лажно декларирање на увезени производи и други незаконитости, кои наводно, во текот на подолг временски период биле вршени од страна на правните лица -------- ДОО ------ и ------------ ДООЕЛ --------.

Во пријавата подносителот опишал околности со кои упатува на сторени кривични дела од страна на посочените правни лица, и тоа: избегнување на плаќање на царина и данок преку лажно декларирање на тарифни броеви при увоз на производи од Кина, користење на фиктивна документација и продажба во готово без фискални записи, лажно декларирање на производи, прикривање на приходи, доставување на фиктивна документација во постапки за јавни набавки.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Министерството за внатрешни работи, до Управата за финансиска полиција и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците и информациите доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:

- Управата за финансиска полиција со допис од 30.07.2025 година извести дека постапува за предметниот случај и дека во тек се предистражни дејствија и проверки за што е известен надлежен јавен обвинител. Според членот 289 од Законот за кривичната постапка, сите дејствија што се преземаат во фазата на предистражна постапка имаат доверлив карактер и се сметаат за тајни.
- Министерството за внатрешни работи со допис од 20.08.2025 година извести дека Секторот за криминалистички истраги, постапува во врска со наводи од предметниот случај по Наредба број РО бр.-/-- од 20.01.2025 година од Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а од нивна страна се извршени проверки и доставено е известување до ова обвинителство, кое постапува по предмет и постапувањето е во тек на предистражна постапка.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека за предметниот случај се води постапка пред друг надлежен орган - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, поради што ДКСК нема елементи за

натамошно постапување по предметот. Исто така, целокупната документација прибавена во текот на нашето постапување, ќе ја доставиме до Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за нивно надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Цвета Ристовска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК